## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ГЕОГРАФИЈА НА НАСЕЛЕНИЕ (ДЕМОГЕОГРАФИЈА) СО ДЕМОГРАФИЈА“ (Е-УЧЕБНИК) ОД АВТОРОТ Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09, 115/10 и 17/11 год.), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Универзитетски гласник бр. 19/2011 и бр. 21/2011), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на 181. седница, одржана на 13.12.2017 година, донесе Одлука број 2102-636/4 за избор на рецензенти за издавање учебник „Географија на население (демогеографија) со демографија“ по наставниот предмет Географија на население и наставниот предмет Демографија, наставни предмети на Факултетот за природни и технички научи, студиска програма Географија, кои се реализираат од страна на вон. проф. д-р Никола В. Димитров, кој покрај на Факултетот за туризам и бизнис логистика, работно е ангажиран и на Факултетот за природни и технички науки.

За рецензирање на ракописот за учебник „Географија на население (демогеографија) со демографија“ од авторот вон. проф. д-р Никола В. Димитров се избрани следниве рецензенти:

– д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институт за географија, Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје;
– д-р Цане Котески, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за учебник **„Географија на население (демогеографија) со демографија“** од авторот вон. проф. д-р Никола В. Димитров е компатибилен со наставната програма за предметот Географија на население, задолжителен предмет во II година, III семестар (6 кредити, 2+2+1 часа), и со наставниот предмет Демографија, изборен предмет во III година, VI семестар (4 кредити, 2+1+1 часа), кои се изучуваат на додипломските студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на студиската програма Географија.

Ракописот за учебник **„Географија на население (демогеографија) со демографија“** е напишан со нормален проред, фонд Ariel со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има вкупно 216 страници, во А4 формат.

Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на наставниот предмет Географија на население и наставниот предмет Демографија.

Композицијата е направена според тематски содржини кои одговараат на оваа проблематика, а покрај другото применета е и соодветна методологија, како и методски принципи кои соодветствуваат во истражувачкиот процес применлив за вакви содржини.

Инаку, ракописот за учебник е презентиран во два дела: географија на население (демогеографија), како прв дел и демографија, како втор дел. Вкупно до двата дела има десет теми, од кои 6 теми во првиот и 4 теми во вториот дел. Текстуалниот дел на ракописот за учебник е збогатен со 64 табели, 45 слики, 42 карти, 25 шеми, 10 прегледи и 9 графикони, преку кои теоретската проблематика е дополнета со дидактичко-апликативна вредност. На крајот од секој дел е наведена разновидна користена литература.

Првиот дел - **Географија на население (демогеографија)** е поделен на шест теми. Во првата тема *Општ преглед* се обработени поимот - името, појавата и развитокот на географијата на населението (демогеографија), предметот, задачите и методите на проучување во оваа научна дисциплина.

Во втората тема се третираат поглавја за потеклото и ширењето на човекот, типовите на населеност и други карактеристики својствени за човековата цивилизација.

Третата тема е една од покомплексните и тема која има допирни точки со демографијата. Имено, станува збор за движење и структура на населението во светот, односно за сите елементи кои се својствени за секој човек поединечно, но и за секоја колективна популација - население. Во оваа тема се обработува бројното, природното и механичкото движење на населението, густината на населеност и видовите - структурите на населението.

Посебна актрактивност има четвртата тема, за географско-просторната разместеност на народите по континенти. Од над 2000 народи што живеат на планетата Земја, во оваа тема се обработени над стотина побројни и попознати народи.

Петтата тема го третира проблемот на географско-просторната разместеност на населението во светот гледано по континенти, одделни региони, групации, држави и разместеност на населението според други просторни детерминанти (географска ширина, надморска височина, сообраќајници, реки, морски брегови, низини, планини и слично).

На крајот, во шестата тема во кратки црти зборуваме за географските карактеристики на населението во Република Македонија. Односно, за потеклото, бројот, природното и механичкото движење, потоа за разните демографски структури и просторната разместеност на населението по разни основи (општини, население места, котлини, региони, надморска височина и сл.).

На крајот од првиот дел е цитирана разновидна литература.

Во сите шест теми од првиот дел е поместен значителен број наменски илустративен материјал и тоа: 37 табели, 28 слики, 42 карти, 5 графикони, 4 прегледи и 2 шеми.

Во вториот дел - **Демографија** материјалот е обработен во четири теми. Демографските проблеми во секое општество се многу сложени, па оттука и потребата за познавање на демографските промени, движења и анализи се важни сегменти за планирање на популацијата и економскиот развој на државата. Токму затоа, изучувањето на демографијата е добредојдено, не само во научните и стручните кругови, високото образование, туку и пошироко меѓу населението.

Во првата тема се обработуваат општите карактеристики на демографијата: поимот, појавата, историскиот развој, предмет, задачи, методи на проучување и извори на податоци во демографијата.

Во втората тема се третира природното движење на населението (наталитет, морталитет, природен прираст) и механичкото движење или миграциите на населението.

Во третата тема во кратки црти се опфатени структурните карактеристики на населението: полова, старосна, економска, брачна, образовна, етничка, конфесионална и други структури на населението.

Во четвртата тема се дадени објаснувања за демографската транзиција и потребата од планирање и практикување на популациона политика во сите држави во светот.

Низ целиот текст на вториот дел и во четирите теми се дадени соодветни демографски податоци за демографијата на Република Македонија.

На крајот од вториот дел е цитирана разновидна литература.

Во сите четири теми од вториот дел е поместен значителен број наменски илустративен материјал и тоа: 27 табели, 23 шеми, 17 слики, 6 прегледи и 4 графикони.

Потенцираме дека ракописот првенствено е наменет за универзитетски учебник по Географија на население (демогеографија) со демографија, за студентите по географија, на истоимената студиска програма на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и во ваква форма и обем ги исполнува условите за учебник.

## ЗАКЛУЧОК

На крајот би заклучиле дека учебникот „Географија на население (демогеографија) со демографија“ од авторот вон. проф. д-р Никола В. Димитров претставува сериозна стручна публикација која ги опфаќа најголемиот број елементи и компоненти во истражувачкиот, едукативниот и наставно-образовниот сегмент на научната дисциплина географија на население или демогеографија и научната дисциплина демографија.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Географија на население, популарно позната и како демогеографија, и на наставниот план и содржина на предметот Демографија, што го изучуваат студентите на студиската програма Географија во III, односно VI семестар, на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев – Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-учебник пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Учебникот е напишан во мошне разбирлив стил за скоро сите видови читатели, а најмногу за оние кои се занимаваат со географија на население и демографија. Според тоа, освен за студените, истиот може да го користи и широка читачка популација.

Рецензентската комисија предлага ракописот „Географија на население (демогеографија) со демографија“ од авторот вон. проф. д-р Никола В. Димитров да биде издаден во електронска форма како е-учебник за потребите на студентите на додипломските студии на студиската програма Географија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институт за географија, Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, с.р.**
**Д-р Цане Котески, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**